Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 01-330/3
20.04.2018 год.
Новаци

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ('' Службен весник на Република Македонија'' бр.27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници (''Службен весник на Република Македонија'' Бр.11/2018) Градоначалникот на општина Новаци донесе

# П Р А В И Л Л Н И К

## За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Новаци

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општина Новаци бр. 01-310/2 од 27.03.2017 година и тоа:

Во глава II ,, Распоред на работните места на административните службеници'' во член 7, во делот на посебните работни компетенции на ниво А5-секретар на општина со седиште во село, познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски француски,германски), се бришат деловите:

- и тоа: преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5-4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

Во Глава II ,, Распоред на работните места на административните службеници'' во членовите 8, 9 и 10 во делот на посебни работни компетенции за сите нивоа-познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- за ниво Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат
- За сите нивоа на категорија- В- и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат,
- За сите нивоа на категорија-Г - и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат

**Член 2**

Во Глава II ,, Распоред на работните места на административните службеници‘‘ во членовите 7, 8, 9 и 10 во делот на посебни работни компетенции за сите нивоа се додава/останува следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и положен испит за административно управување (за ниво А-5 и Б-4).

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност на Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-330/3
20.04.2018 година
Н о в а ц и

Општина Новаци
Градоначалник
Кузманоски Љубе